**20220150108**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 јануари 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува користењето на средствата утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година за изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита во 2022 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Со оваа програма се планира финасирање на градежни работи за изградба на детски градинки, адаптација на простор за детски градинки, изведување на градежни работи за доградба и реконструкција на простор за детски градинки и набавка, испорака и монтажа на опрема за детски градинки, во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 152.035.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, Раздел 150.01 – Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 3А - Изградба, опремување и одржување на објекти за детска заштита, и ќе се користат за следните намени:

- изведување на градежни работи за изградба на детска градинка и набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Делчево;
- изведување на градежни работи за доградба на детска градинка во Општина Карбинци, с. Таринци;
- изведување на градежни работи за адаптација на простор во детска градинка во Општина Битола;
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Прилеп;
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Ѓорче Петров.
- набавка, испорака и монтажа на опрема за детска градинка во Општина Велес.

Средствата за реализација на оваа програма ќе се користат и за реализирање на планирани проекти во 2021 година за кои ќе се отпочнат постапки за јавна набавка во 2022 година: градежни работи за изградба на детски градинки во општините Могила и Битола; доградба на детски градинки во општините Гевгелија и Дебар и опремување на детски градинки во општините: Чаир, Битола, Могила, Св. Николе с. Ерџелија и Росоман.

II. Во 2022 година со средствата за реализација на оваа програма ќе се измират и обврските за капитални инвестиции за детска заштита за проекти започнати во 2020 и 2021 година - изведба на градежни работи за изградба на детски градинки во општините: Чаир, Василево с.Анѓелци, Св.Николе с.Ерџелија, Сопиште и проширување на постоечки простор на детска градинка во Општина Росоман и опрема за детски градинки во општините Сопиште и Берово.

Вкупните обврски кои ќе произлезат од склучените договори за погоренаведените повеќегодишни јавни набавки од 2020 и 2021 година во износ од 61.400.000,00 денари ќе се исплатат во зависност од реализацијата на терен.

III. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика  и доставува извештај до Владата на Република Северна  Македонија најдоцна до 31 декември 2022 година.

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна  Македонија“.

Бр. 40-13682/1-21
20 јануари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.